**Ип 1 бр. 57-66/2024**
**Датум: 27.01.2025 година**


Архивски знак: / Shenja arkivore:
Рок на чување: / Afati i ruajtjes:
___ 20___ година / viti
Потпис / Nënshkrimi


1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | Здружение-Фестивал на стилизирани песни и ора „Кенге Јехо“ – Струга |
| Седиште/адреса на субјектот | Ул. „Маршал Тито“ Струшки безистен/1 кат - Струга |
| Адреса за е-пошта | |
| Телефон | |
| Матичен број на субјектот | 6440800 |
| Даночен број на субјектот | 4026008504931 |
| Број на жиро сметка на субјектот | 240230001846752 |
| Банка депонент | Уни банка - Скопје |
| Одговорно/и лице/а на субјектот: | |

| Име и презиме: | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| претседател | | |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | <u>2. ВОНРЕДЕН</u> | 3. КОНТРОЛЕН |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 24.01.2025 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 10.00 |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 24.01.2025 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 13.30 |
| Назив на објектот каде се врши надзорот | Здружение-Фестивал на стилизирани песни и ора „Кенге Јехо“ – Струга **(во натамошниот текст: Кенге Јехо)** | | |
| Главна дејност на објектот каде се врши надзорот | Помошни дејности во изведувачката уметност (шифра 90.02) | | |
| Адреса на објектот каде се врши надзорот | Ул. „Маршал Тито“ Струшки безистен/1 кат - Струга | | |

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на Налогот од раководителот на Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура и туризам, бр. 57-66/2024 од 17.01.2025 г., а во врска со анонимната Иницијативата ИП1 бр. 57-66/2024 од 31.07.2024 г., со наводи дека на Фестивалот „Кенге Јехо" 2024 г. му се одобрени буџетски средства во износ од 1.901.200 денари, а на него не настапиле учесниците коишто биле наведени во програмата (иако, според наводите, Општина Струга ги плаќа троишоците за сместување и храна), дека лице вработено во МКТ остварува финансиски интерес во Кенге Јехо, при што се изразува сомнеж во наменското користење на одборените и преведени средства од МКТ.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од: Зоран Маркозанов, виш инспектор при Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура култура и туризам (**во натамошниот текст: СУИН на МКТ**).

5) Предмет на вонредниот инспекцискиот надзор е спроведувањето на обврските од член 68 од Законот за културата („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 23/19 - **во натамошниот текст**: ЗК), односно наменското користење на преведените средства од Буџетот на РСМ, преку МКТ, во износ од 1.901.200 денари, за реализација на проектот **Меѓународен фестивал „Кенге Јехо" - Струга**, согласно со Договорот за учество во финансирање проект од национален интерес во културата од областа на фолклорот за 2024 г., бр. 21-3745/1 од 13.03.2024 г., како и постапување по обврската во рок од еден месец, сметано од денот на завршувањето на проектот, на соодветен образец до МК, да биде доставен наративен и финасиски извештај за неговата реализација.

**Основ**: член 82 став (1) и член 68 од Законот за културата („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18- **во натамошниот текст:** ЗК) и член 71 став (1) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на РСМ" бр. 102/2019 - **во натамошниот текст: ЗИН**)

6) Во извршувањето на инспекцискиот надзор не е употребена листа за проверка од причина што станува збор за вонреден инспекциски надзор.

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

Република Северна Македонија
**Министерство за култура и туризам**

Сектор за управен и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës dhe e Turizmit**

Sektori i Mbikëqyrjes Administrative dhe Inspektuese

| Име и презиме: , претседател | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор учествуваше и лицето:

| Р. бр | Име и презиме/ својство | Телефон |
|---|---|---|
| 1. | претседател на Советот на Фестивалот | |

9) Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, ги презентираше целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и ги објасни правата и обврските на субјектот на надзорот.

10) Во инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдената фактичка состојба:

10.1.- По поднесената Пријава бр. УП1-714/2023 од 01.11.2023 г., на Годишниот конкурс за финансирање проекти од национален интерес во културата за 2023 г. од областа на манифестации и фестивали од областа на културата за 2024 година, со Решение на министерот за култура бр. УП1 714/2023 од 12.02.2024 г., прифатен е проектот на Кенге Јехо - **Меѓународен фестивал „Кенге Јехо“ - Струга** (за чијашто реализација доделени се средства во износ од 1.901.200 денари).

- Врз основа на Решението на министерот за култура, склучен е Договор за учество во финансирање проект од национален интерес во културата од областа на фолклорот за 2024 г., бр. 21-3745/1 од 13.03.2023 г., со којшто одобрени се средства од Буџетот на РСМ, преку МК, во износ од 1.901.200 денари за реализација на проектот Меѓународен фестивал „Кенге Јехо“ - Струга, наменети за: Трошоци за бина, озвучување и осветлување, Трошоци за сместување на ансамбли учесници, Трошоци за пропаганден материјал, Трошоци за ангажирани лица (хонорари), Транспортни трошоци. Кенге Јехо доставил Барање за исплата на средства, на 08.04.2024 г. (заведено во МК под бр. 21-5157/1 од 09.04.2024 г.), заедно со Изјава за наменско користење финансиски средства, Програма и улчесници на Фестивалот и Образец за оперативен и финансиски план за користење на одобрените буџетски средства, во којшто е предвидена следната намена на средствата: Трошоци за бина, озвучување и осветлување – 400.000 денари, Трошоци за сместување на ансамбли учесници – 600.000 денари, Трошоци за пропаганден материјал – 200.000 денари, Трошоци за ангажирани лица (хонорари) – 600.000 денари и Транспортни трошоци – 101.200 денари.

- Со Решение за преведување на средства бр. 21-3745/2 од 25.04.2024 г., МК превело на жиро сметката на Кенге Јехо 1.520.000 денари како прва исплата за реализација на проектот „ Меѓународен фестивал „Кенге Јехо“ - Струга.

- Во однос на обврската од членот 68 став (3) од ЗК, како и член 5 став (4) и (6) од Договорот со МК, во рок од еден месец од денот на реализацијата на проектот на соодветен образец до МК да биде доставен наративен и финасиски извештај за реализацијата на проектот, при надзорот е утврдено дека Кенге Јехо доставил Образец за наративен и финансиски извештај за реализацијата на проектот, заведен во МК под бр. 21-8969/1 од 08.10.2024 година.

- Со Решение за преведување на средства бр. 21-3745/3 од 28.10.2024 г., МК превело на жиро сметката на Кенге Јехо 381.200 денари како последна исплата за реализација на проектот „ Меѓународен фестивал „Кенге Јехо“ - Струга.

10.2.- Според изјавите на присутните лица и презентираната фото и видео документација, при надзорот е констатирано дека проектот „Фестивал на песни и ора Струга“ е реализиран во периодот од 18 до 21 јули 2024 г. со одржување на три фестивалски вечери, на којашто настапиле бројни учесници, културно-уметнички друштва, како и пејачи-солисти и други уметници од Мексико, Панама, Италија, Албанија, Косово и Црна Гора, како и 4 културно-уметнички друштва и повеќе уметници од Македонија. При надзорот се презентираани плакати, покани, благодарници и друг пропаганден материјал, како и фотографии од Фестивалот којшто бил директно пренесуван и на втората програма на Македонската радио-телевизија.

- Трошоците за реализација на проектот со средствата од Буџетот на РСМ, преку МКТ, се прикажани во следниот табеларен преглед:

| Р. бр | Доверител | Намена | Реализирани трошоци | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Хотел Дипломат НЕВВ ДООЕЛ-с. Велешта | Ноќевање со појадок за учесници на Фестивалот | 601.000 | -Платено по Фактура бр. 14/2024 од 08.07.2018 г.<br>-Извод 17 од 08.08.2024 г. |
| 2. | „Феникс ББ Трејд“ ДООЕЛ - Кичево | Печатење на плакати, банери, знамиња, флаери, благодарници | 200.000 | -Платено по Фактура бр. 011/2024 од 17.06.2024 г.<br>-Извод 12 од 18.06.2024 г. |
| 3. | „Еуропабус ЛТД“ ДООЕЛ- | Транспортни услуги Аеродром Скопје–Струга- | 101.200 | -Платено по Фактура бр. 23/2024 од 14.06.2024 г. |


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | с. Велешта | Аеродром Скопје, како и во Струга во период од 18-22.07.2024 г. | | -Извод 14 од 02.07.2024 г. |
| 4. | „ДВД Рентал“ ДООЕЛ-Скопје | Техничка реализација на Фестивалот: бина, озвучување, осветлување | 397.000 | -Платено по Фактура бр. 75 од 07.08.2024 г. на износ од 413.000 денари. Остатокот од 16.000 денари ќе биде платен од сопствени извори<br>-Извод 23 од 06.11.2024 г. |
| 5. | Физичко лице | Надомест за организатор на Фестивалот | 100.000 | -Платено по Договор од 10.05.2024 г. и тоа 92.000 денари на трансакциска сметка во нето износ и 8.000 денари ПД на Трезорска сметка<br>-Извод 7 од 21.05.2024 г. |
| 6. | Физичко лице | Надомест за претседател на Уметничкиот совет на Фестивалот | 100.000 | -Платено по Договор од 10.05.2024 г. и тоа 92.000 денари на трансакциска сметка во нето износ и 8.000 денари ПД на Трезорска сметка<br>-Извод 7 од 21.05.2024 г. |
| 7. | Физичко лице | Надомест за преведување од англиски јазик и водење на ансаблите од странство во текот на Фестивалот | 100.000 | -Платено по Договор од 10.05.2024 г. и тоа 92.000 денари на трансакциска сметка во нето износ и 8.000 денари ПД на Трезорска сметка<br>-Извод 7 од 21.05.2024 г. |
| 8. | Физичко лице | Надомест за водител на трите вечери на Фестивалот | 100.000 | -Платено по Договор од 10.05.2024 г. и тоа 92.000 денари на трансакциска сметка во нето износ и 8.000 денари ПД на Трезорска сметка<br>-Извод 7 од 21.05.2024 г. |
| 9. | Физичко лице | Надомест за фотографирање и | 100.000 | -Платено по Договор од 10.05.2024 г. и тоа 92.000 |


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 3207 436 и 075/273-069
www.kultura.gov.mk

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | снимање на четирите дена во текот на Фестивалот | | денари на трансакциска сметка во нето износ и 8.000 денари ПД на Трезорска сметка -Извод 8 од 22.05.2024 г. |
| 10. | Физичко лице | Надомест за обезбедување во текот на четирите дена на Фестивалот | 100.000 | -Платено по Договор од 10.05.2024 г. и тоа 92.000 денари на трансакциска сметка во нето износ и 8.000 денари ПД на Трезорска сметка -Извод 9 од 27.05.2024 г. |
| 11. | Уни банка-Скопје | Банкарска провизија за извршените плаќања | 1.980 | -Платено по повеќе изводи |
| **Вкупно:** | | | **1.901.180 денари** | **- Остатокот од 16.000 денари за техничка реализација ќе биде платен од сопствени извори** |

Направените трошоци за реализација на проектот се согласно со Оперативниот и финансиски план од 09.04.2024 г., којшто, согласно со член 1 став (2) е составен дел на Договорот со МКТ.

Според изјавата на присутното лице остатокот од 16.000 денари по фактурата за Техничка реализација на Фестивалот: бина, озвучување, осветлување, ќе биде платен од сопствени извори на Фестивалот.

Во однос на наводите во анонимната Иницијатива дека на Фестивалот настапиле учесниците коишто биле наведени во програмата и дека лице вработено во МКТ остварува финансиски интерес во Кенге Јехо, присутните лица изјавија дека тоа не е точно. Имено, дел од првично предвидените учесници не настапиле затоа што барале Кенге Јехо да им обезбеди повеќедневен престој (надвор од фестивалските вечери) и тоа во хотели коишто не биле предвидени од организаторот, поради што биле одбиени од страна на Здружението и тие уметници не биле дел од програмата. Лицето вработено во МКТ учествувало само во уметничкиот дел на програмата, волонтерски, без било каков финансиски надомест, при што присутните лица ги демантираа и наводите од Иницијативата дека Општина


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 3207 436 и 075/273-069
www.kultura.gov.mk

Струга ги обезбедува трошоците за сместување и храна, посочувајќи дека Општината веќе 10-ина години воопшто не го спонзоритра Фестивалот.

Врз основа на утврдената фактичка состојба при вонредниот инспекциски надзор, се констатира дека:

1. Кенге Јехо го реализирал проектот Меѓународен фестивал „Кенге Јехо“ - Струга, за којшто согласно со Договорот со МКТ му се одобрени средства од Буџетот на РСМ, преку МКТ, во износ од 1.901.200 денари.

2. При надзорот е утврдено дека Кенге Јехо наменски ги потрошил одобрени средства од Буџетот на РСМ, преку МКТ, во износ од 1.901.200 денари, согласно со Оперативниот и финансиски план од 09.04.2024 г., којшто, согласно со член 1 став (2) е составен дел на Договорот со МКТ.

3. Во однос на обврската од членот 68 став (3) од ЗК, како и член 5 став (4) и (6) од Договорот со МК, во рок од еден месец од денот на реализацијата на проектот на соодветен образец до МК да биде доставен наративен и финасиски извештај за реализацијата на проектот, при надзорот е утврдено дека Кенге Јехо доставил Образец за наративен и финансиски извештај за реализацијата на проектот, заведен во МК под бр. 21-8969/1 од 08.10.2024 година.

   - Оттука, со оглед дека не се утврдени неправилности во работењето на Кенге Јехо од аспект на примена на одредбите од Законот за културата, инспекторот ја запира постапката во согласност со член 83 став (5) од Законот за инспекциски надзор.

Заради обемот и сложеноста на инспекцискиот надзор, записникот е составен во службените простории на СУИН на МК во согласност со член 82 став (3) од ЗИН.

11) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен субјектот на надзорот, кој ИМАШЕ/НЕМАШЕ забелешки.

12) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:

______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

_______________________________________________________________
_______________________________________________________________
_______________________________________________________________
_______________________________________________________________
_______________________________________________________________
_______________________________________________________________
_______________________________________________________________

| | | |
|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор:<br><br>претседател | Печат и потпис на инспекторот за култура:<br>Зоран Маркозанов, виш инспектор | |
| Датум: 06.02.2025 ______.2025 г. | Датум: | 27.01.2025 г. |


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk